ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 21-146/6**

**Дата: 18.07.2011**

**ДО**

**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА „КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР- СКОПЈЕ“ - СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Националната установа „Конзерваторски центар-Скопје “, Скопје (во натамошниот текст НУ „Конзерваторски центар - Скопје“) на сметката на основен буџет, за 2010 година .

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија, а за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази негативно мислење.

Со ревизијата е констатирано дека кај НУ „Конзерваторски центар - Скопје“ не се воспоставени интерни контроли и не се донесени пишани процедури за движење на документацијата, не се усогласени интерните акти кои го уредуваат начинот на организација и систематизација на работните места како и пресметувањето и исплатата на платите и надоместоците со важечките законски и подзаконски прописи. Не е извршен попис на материјалните средства и ситниот инвентар согласно законската регулатива, не е обезбедена материјална евиденција и одговорност за применините материјали и ситниот инвентар, евидентирани се расходи кои не се поткрепени со комплетна и веродостојна документација, исплатени се авторски надоместоци на лица за услуги кои не се авторски дела и на лица кои вршат континуирани работи, а не се редовно вработени во установата. Утврдени се слабости и во постапките за јавни набавки на материјали и услуги.

Со цел подобрување на состојбата ревизијата препорачува да се донесат пишани процедури за движење на документацијата со разграничени надлежности и одговорности на вработените, да се направат измени и дополнувања на интерните акти кои го уредуваат начинот на организација и систематизација на работните места согласно важечките прописи, да се организира вонреден попис на начин утврден со законските и подзаконските акти, да се донесе упатство и воведе материјално-финансиско работење, да се донесат пишани процедури со кои ќе се уреди начинот на плаќање на обврските и признавање на расходите врз основа на веродостојна и комплетна документација и набавките на материјали и услуги да се вршат согласно утврдените постапки со Законот за јавни набавки.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 14 до 16 заедно со ревизија на усогласеност на НУ „Конзерваторски центар- Скопје“ на сметката на основен буџет за 2010 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2010 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на НУ „Конзерваторски центар- Скопје“ за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Ема Петрова- Николовска, директор

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на НУ „Конзерваторски центар- Скопје“ се користени за планираните намени утврдени од страна на

законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност. Ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Субјектот не води соодветни сметководствени евиденции, не е спроведен целосен и квалитетен попис на средствата и изворите на средствата, не се обезбедени целосни, вистинити и веродостојни документи како доказ за настанатите финансиски промени и трансакции. Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување мислење за финансиските извештаи на НУ „Конзерваторски центар- Скопје".

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.03.2011 до 01.04.2011 година кај НУ „Конзерваторски центар - Скопје" од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 21.04.2011 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 21-146/2 од 26.05.2011 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

## 3.1. Интерни контроли

3.1.1. При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на безготовинско и готовинско плаќање, ревизијата констатира дека не се воспоставени интерни контроли и не се донесени пишани процедури за движење на документацијата во кои ќе бидат дефинирани и разграничени надлежностите и одговорностите во однос на потврдување на комплетноста и веродостојноста на трансакциите, кои ќе обезбедат доволно ниво на сигурност и ќе спречат ризик од плаќања на некомплетна и непотврдена документација од овластени лица и почитување на договорените услови за плаќање, што не е во согласност со член 5 и 10 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и членот 17 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

Ваквата состојба создава ризик од неосновани плаќања кои се рефлектираат на висината на расходите и ризик од ненаменско и незаконско користење на средствата, што не овозможува извршување на активностите на транспарентен, регуларен, економичен, ефикасен и ефективен начин.

**Препорака**

Директорот на установата да донесе пишани процедури за движење на документацијата со разграничени надлежности и одговорности на вработените, а одговорниот сметководител да врши проверка и одобрување на документацијата како основа за плаќање и евидентирање во деловните книги.

## 3.2. Усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Со ревизијата на интерните акти кои го уредуваат начинот на организација и систематизација на работните места, пресметувањето и исплатата на платите и надоместоците, ревизијата констатира состојби кои не се во согласност со законските и подзаконските акти, и тоа:

- не се склучуваат договори за работа за период од пет години со лицата кои се распоредени на работни места за обавување на стручни работи од дејноста, туку на неопределено време, што не е во согласност со член 74 од Законот за култура;
- применетите коефициенти на сложеност се помали и се движат од 1 до 3, во однос на утврдените коефициенти со член 33 од Колективниот договор на установата и член 34 од Колективниот договор на културата кои се движат од 1 до 5, поради недоволно обезбедени средства;
- едно исто работно место (виш конзерватор) се вреднува со различен коефициент на сложеност, што не е во согласност со Колективниот договор и не дава мотив за еднакво залагање на вработените;

- не е извршено усогласување на Колективниот договор на ниво на работодавец со член 113 од Законот за работни односи и член 46 од Колективниот договор за култура во делот на надоместување на трошоците поврзани со работа (надомест за исхрана и превоз до и од работа).

Не превземените активности за изменување и дополнување на интерните акти и нивно усогласување со важечките законски прописи не овозможува целосно уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу работодавачот и вработениот и исплата на платите во износ различен од законски утврдените износи.

**Препорака**
Надлежните органи на Установата да превземат активности за: изменување и дополнување на интерните акти за регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од работните односи и усогласување на коефициентите за исплата на платите со важечките прописи.

**3.3. Финансиски извештаи**

**Биланс на состојба**

3.3.1. Ревизијата не доби уверување да ја потврди реалноста и објективноста на евидентираните приливи и одливи од благајната во известувачкиот период, поради следното:

- при исплата на парични средства од благајната за аванси и бонови за гориво во текот на годината не се евидентираат побарувања од вработените кои ги примиле средствата, што не е во согласност со член 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. На овој начин се овозможува времено финансирање на поединци и необјективно прикажување на состојбата на побарувањата во финансиските извештаи;
- не се врши ажурно проверување и усогласување на поединечните сметки за набавено гориво содржани во доставените фактури, при што не може да се потврди точноста на износот што се признава како расход;
- не се подготвува каса исплати при правдање/признавање на доставените сметки од набавка на гориво и други ситни набавки;
- вршени се исплати преку благајната за ноќни смени и празници на вработени/чувари на црквата „Св.Спас“ кои имаат заснован работен однос на неопределено време, што не е во согласност со член 8 од Законот за исплата на плати во РМ и Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Во услови на отсуство на политики за материјална одговорност и непочитување на законските и подзаконските прописи при благајничкото работење, се овозможува постоење на неуредна сметководствена документација и прикажување на нереална и необјективна состојба во финансиските извештаи.

**Препорака**

Одговорните лица да донесат процедури за благајничкото работење со парични средства и бонови за гориво и да воведат помошна евиденција преку која ќе се следи движењето и состојбата на средствата.

3.3.2. Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на искажаната состојба на материјалните средства и ситниот инвентар во Билансот на состојба, поради не извршен попис со состојба на ден 31.12.2010 година на начин уреден со членот 29 до 35 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Причина за тоа се следниве утврдени состојби:

- од страна на пописната комисија не е извршено вредносно усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена со пописот, односно извршен е само физички попис на материјалните средства и ситниот инвентар, поради што не е утврдена евентуална материјална и вредносна разлика;
- во пописните листи средствата се внесени без нивно поблиско опишување, а пописот на бонови за гориво не е извршен со евидентирање на сериските броеви;
- не е извршено означување на средствата со инвентарни броеви;
- не е извршен попис на книгите во библиотеката од 2003 година, со што е надминат законски утврдениот рок за вршење на попис кој треба да биде пократок од пет години. Во текот на ревизијата направен е попис и изготвен е извештај со што е надмината наведената состојба;
- пописните листи за средствата кои се наоѓаат во дворот, гаражата и ходниците на установата, не се потпишани од ракувачите, поради тоа што не е обезбедено материјално задолжување;
- не е извршен попис на опремата која се наоѓа во службените возила;
- не е извршено сметководствено отпишување на опремата утврдена како расход со пописот, поради тоа што Извештајот за извршениот попис и Одлуката од Управниот одбор за усвојување на извештајот не се навремено доставени до сметководството. Во текот на ревизијата извршено е отпишување на опремата утврдена како расход со пописот од 2010 година, со што е надмината наведената состојба.

Ваквиот начин на постапување има за ефект нереално прикажување на средствата и изворите на средствата во финансиските извештаи.

**Препорака**

Директорот на Националната установа да организира вонреден попис за целосно утврдување на фактичката состојба на средствата со кои располага установата и нивно усогласување со сметководствената евиденција, на начин како што е предвидено со Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и интерното Упатство за работата на комисиите за попис и налози за подготовки за пописот.

3.3.3. Во 2010 година вршени се набавки на канцелариски материјали, средства за хигиена, разни потрошни материјали и ситен инвентар, кои веднаш се даваат во употреба, како и набавка на книги и списанија кои се чуваат во библиотеката и се даваат на времено користење на вработените или на надворешни лица вработени во други сродни институции, при што ревизијата утврди необезбедена материјална евиденција на движењето на залихите како што е предвидено во Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Не е обезбедена и материјална одговорност од лицата за набавените залихи и ситен инвентар, што може да доведе до несовесно работење и необјективно прикажување на истите во финансиските извештаи.

**Препорака**
Одговорните лица на Националната установа да донесат упатство за материјално-финансиско работење во кое ќе бидат утврдени политики, процедури и одговорности, а сметководствената служба да воведе соодветна евиденција за движење на залихите и утврдување на состојбата.

**Биланс на приходи и расходи**

3.3.4. На позициите Стоки и услуги и Тековни трансфери до единиците на локална самоуправа ревизијата утврди евидентирани расходи во вкупен износ од 289 илјади денари кои не се поткрепени со комплетна и веродостојна документација, и тоа за:

- исплатени средства по основ на горива и масла за користење на службени возила во износ од 12 илјада денари, без обезбедени потребни податоци кои ќе го потврдат патувањето (место, датум, километража, корисник, одобрување и сл.);
- набавка на ситен инвентар и други материјали во износ од 41 илјади денари, за кои не е обезбеден доказ за прием од вработените (испратница);
- направени поправки и тековно одржување во износ од 88 илјади денари, кои се однесуваат на трошоци за сервисирање на возила, материјали за електрика и за варосување на канцеларии, сервисирање и одржување на компјутери и фискални апарати, поткрепени со веродостојна документација, без потврден прием за материјалите и извршената услуга;
- набавка на опрема за осветлување и за сервисирање на возило, за реализација на програмски проекти во износ од 74 илјади денари, без обезбедена поткрепувачка документација одобрена од раководителот на проектот.

Ваквиот начин на работење се должи на невоспоставените интерни контроли и немање пишани процедури за движење на документацијата што создава ризик од ненаменско и незаконско користење на средствата и има за ефект нереално и необјективно прикажување на расходите во финансиските извештаи. Плаќањата врз основа на документација која не е комплетна не е во согласност со членот 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака**

Директорот на Установата да донесе пишани процедури со кои ќе се уреди начинот на плаќање на обврските и признавање на расходите врз основа на веродостојна и комплетна документација, односно фактурите да бидат поткрепени со: испратници, работни налози или извештаи и да пропише процедури за начинот на користење на возилата.

3.3.5. На ставката Договорни услуги во Билансот на приходи и расходи евидентирани се расходи во вкупен износ од 131 илјади денари, и утврдени се состојби кои не се во согласност со законските и подзаконските акти поради следното:

- исплатени се средства во износ од 64 илјади денари за ангажирање на три физички лица по пат на склучување на договори за извршување на работи и работни задачи на работните места: хигиеничар и чувар - билетар за периодот јануари - април 2010 година, што не е во согласност со член 22 од Законот за работни односи и член 51 од Законот за буџетите.
- исплатени се средства во износ од 67 илјади денари врз основа на авторски договори со две лица за вршење на работни задачи како стручен работник за уметничко наследство за заштита на културното наследство од отоманскиот период и одржување на компјутер, што не е во согласност со одредбите на член 3 од Законот за авторското право и сродните права.

Ангажирањето на лица преку авторска агенција кои немаат статус на автори и вршењето на континуирани работи кои немаат третман на договор на дело, создава можност од субјективен пристап при одлучувањето за потреба од ангажирање на лица, не обезбедува остварување на правото на пензиско и здравствено осигурување од работен однос, ги зголемува трошоците на установата и избегнување на одредбите на Законот за буџетите во делот на обезбедување на потребните согласности од Министерството за финансии.

**Препорака**

Директорот на установата да превземе мерки за утврдување на потребата од дополнителна работна сила на начин утврден согласно позитивната законска регулатива.

3.3.6. Ревизијата имаше ограничување во примена на ревизорските постапки за утврдување на точноста на исплатениот износ од 1.283 илјади денари и тоа за: хонорари за надворешни лица кои учествуваат во реализација на програмските проекти, како и надоместоци на две лица ангажирани како стручен работник за уметничко наследство за заштита на културното наследство од отоманскиот период и за одржување на компјутер. Авторското правно биро на РМ посредувало при исплатата на надоместокот и пресметувањето и уплатување на обврската на персоналниот данок на доход во име на физичките лица кои ги извршиле услугите, за што наплатило застапничка провизија. Поради извршени исплати по фактури во бруто износ од кои не може да се утврди основата за пресметување на персоналниот данок од доход/агенциската провизија, а во отсуство на физички доказ за извршена контрола на фактурите од страна на одговорните лица, ревизијата не се увери во точноста на пресметаниот персонален данок и висината

на договорената провизија. Воедно, не се уверивме дека агенцијата врши правилно разграничување на приходите од авторски права и останати приходи и дали правилно е утврден нето приходот како основица за пресметување на персонален данок од авторски права, односно нормираните трошоци потребни за нивно остварување.

Исплатата на фактури без соодветна контрола може да има за ефект неправилно пресметување и уплатување на обврската за персонален данок и застапничка провизија.

**Препорака**

Одговорното лице за финансиски работи да врши проверка на пресметувањето на персоналниот данок на доход по основ на исплатени авторски договори преку агенција со што ќе се отстрани ризикот од неправилното пресметување и уплатување на истиот и намалување на расходите на установата за исплатата на застапничка провизија

## 3.4. Користење на средствата согласно законските прописи

### Јавни набавки

Со цел стекнување уверување за усогласеноста на користењето на средствата на НУ „Конзерваторски центар - Скопје" за 2010 година согласно Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и на реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

3.4.1. Со извршениот увид во евиденциите за спроведените постапки со барање за прибирање на понуди и досиејата од спроведени постапки за јавни набавки кај дел од избраниот примерок, утврдени се поединечни неправилности, кои се однесуваат на следното:

- договорите склучени за набавка на стоки и услуги не ги содржат сите со закон предвидени одредби/елементи (вредност на набавката, обврски на договорниот орган, обврски на носителот на набавката, квалитативни и квантитативни контроли при приемот на стоките и услугите и услови за прекинување и раскинување на договорите). Кај одделни набавки во договорите не се содржани понудите како интегрален дел на договорот;
- директорот на Националната установа не определил лице за следење на реализацијата на договорите односно проверка на фактурите во однос на договорите – тендерите по вид, количина и цена на производите и услугите, што не е во согласност со член 29 од Законот за јавни набавки;
- комисијата за ЈН подготвува Извештај за спроведените постапки со барање за прибирање на понуди кој не ги содржи сите податоци од постапката и не дава објаснување на причините за изборот на најповолната понуда, што не е во согласност со член 142 став 2 од Законот за јавни набавки;

3.4.2. Во 2010 година извршени се набавки на стоки и услуги во вкупен износ од 764 илјади денари, врз основа на спроведени постапки со барање за прибирање на понуди, кои не се во согласност со Законот за јавни набавки, и тоа:

- за дел од спроведените постапки за јавни набавки не е обезбедено правилно постапување од страна на комисијата за јавни набавки при евалуација на понудите согласно критериумите за доделување на договори за јавна набавка, што не е во согласност со член 161 од Законот за јавни набавки чија вредност на набавки изнесува 550 илјади денари,
- ревизијата утврди проширување на асортиманот на производи за набавка на ситен инвентар и други материјали за одржување на деловниот простор во износ од 214 илјади денари од избраниот економски оператор кои не се содржани во склучените договори без претходно да е спроведена соодветна постапка.

Слабостите кои ги констатиравме при спроведувањето на постапките за јавни набавки имаат за ефект намалена транспарентност, фер конкуренција, објективност при изборот на понудувачите и економично трошење на средствата.

**Препорака**
Установата да обезбеди целосно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки со кои ќе овозможи фер конкуранција, еднаква положба на понудувачите и економичност на набавките.

## 4. Ревизорско мислење

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точка 3.3.1, 3.3.2. и 3.3.3. погоре, која се однесува на необезбедена евиденција за движењето на средствата од благајната, нецелосно и неправилно извршен попис на средствата и изворите на средствата за 2010 година и необезбедена материјална евиденција на движењето на залихите на материјали и ситен инвентар на НУ „Конзерваторски центар Скопје", ревизијата се воздржа од давање на мислење за реалноста и објективноста на Билансот на состојба на ден 31.12.2010 година.

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.3. ние не бевме вп можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на НУ „Конзерваторски центар Скопје" на ден 31 декември 2010 година.

**Мислење за усогласеност со законите и прописите**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2; 3.3. и 3.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани

во финансиските извештаи на НУ „Конзерваторски центар Скопје"– сметка на основен буџет, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност

НУ „Конзерваторски центар – Скопје", Скопје во својата евиденција има евидентирано имот со сегашна вредност од 9.134 илјади денари, за кои ревизијата го утврди следното:

НУ „Конзерваторски центар- Скопје", Скопје за извршување на дејностите користи деловен простор од 357,79 м2 лоциран во состав на Црквата „Свети Спас" Скопје, кој со имотен лист издаден од Геодетска управа на Град Скопје од 1991 година бил евидентиран како имот на Заводот за заштита на спомениците на културата на град Скопје.

По барање од Македонската православна црква (МПЦ), Извршниот совет на Собранието на СРМ истата година донел решение со кое на МПЦ се враќаат на трајно управување и користење повеќе споменици на културата заедно со конаците и помошните згради, меѓу кои и Црквата „Свети Спас".

За спроведување на решението на Извршниот совет на Собранието на СРМ, формирани се комисии за примопредавање на објектите (една комисија од МПЦ и друга од Заводот за заштита на спомениците на Град Скопје), но примопредавање на Црквата се уште не е направено.

Во 2005 година по извршената реорганизација на НУ Заводот за заштита на спомениците на културата – Скопје, НУ „Конзерваторски центар – Скопје", Скопје добива статус на самостојно правно лице. При утврдување на сопственоста на конаците се соочува со проблем на пренесено право на сопственост на МПЦ на Црквата „Свети Спас" по имотен лист од 2001 година .

За ваквата промена ниту Заводот за заштита на спомениците на културата на Град Скопје, ниту НУ „Конзерваторски центар - Скопје", Скопје биле известени, иако во овој период имале инвестициони вложувања во делот на конаците. Поради спорниот статус на сопственоста доставено е барање до Државниот завод за геодетски работи за преиспитување на постапката.

За постапката е известено и Државното правобранителство на РМ, па на крајот на 2007 година НУ „Конзерваторски центар – Скопје", Скопје добива известувања од Државниот завод за геодетски работи и од Државното правобранителство на РМ, дека постапката се прекинува заради решавање на претходно прашање од 2001 година.

Спорниот деловен простор се уште го користи НУ „Конзерваторски центар – Скопје", Скопје, а за истиот МПЦ не бара закупнина до конечно потврдување на сопственоста.

Скопје, 13.07.2011 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година

| | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **2010** | **2009** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 12.194 | 10.839 |
| **Вкупно приходи** | **12.194** | **10.839** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 8.445 | 8.140 |
| Стоки и услуги | 1.145 | 1.348 |
| Тековни трансфери до единиците за локална самоуправа | 2.454 | 1.312 |
| Субвенции и трансфери | 94 | 39 |
| **Вкупно тековни расходи** | **12.138** | **10.839** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 56 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **56** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **12.194** | **10.839** |
| **Остварен вишок на приходи - за пренос во наредна година** | **0** | **0** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2010 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 734 | 899 |
| **Вкупно тековни средства** | **734** | **899** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 10.670 | 10.667 |
| **Вкупно постојани средства** | **10.670** | **10.667** |
| **Вкупна актива** | **11.404** | **11.566** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 18 | 174 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 716 | 725 |
| **Вкупно тековни обврски** | **734** | **899** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 10.670 | 10.667 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **10.670** | **10.667** |
| **Вкупна пасива** | **11.404** | **11.566** |

**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2010 ГОДИНА**

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** |
| | | |
| **Состојба 01.01.2010 година** | **10.667** | **10.667** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **2.719** | **2.719** |
| | | |
| Набавки | 389 | **389** |
| Ревалоризација на капитални средства | 2.330 | **2.330** |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **2.716** | **2.716** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 1.482 | **1.482** |
| Амортизација | 1.229 | **1.229** |
| Останати намалувања(неотпишана вредност на расход од 2009) | 5 | **5** |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **10.670** | **10.670** |